бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

# УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ ПРЕД ПРЕМИЕРОТ, МИНИСТЕРКАТА ЗА ФИНАНСИИ И МЕДИУМИТЕ ГО ПРОМОВИРАШЕ ПРОЕКТОТ Е-ФАКТУРА

Владина делегација предводена од Претседателот на Владата, проф. д-р Христијан Мицкоски, и министерката за финансии, м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, на 27 јуни 2025 година оствари посета на Управата за јавни приходи (УЈП).



На средбата, директорката на УЈП, м-р Елена Петрова, го презентираше проектот **е-Фактура**, потенцирајќи дека се работи за резултат на блиска и ефективна соработка помеѓу УЈП и Министерството за финансии. Проектот има за цел да воведе нова ера на дигитализација, транспарентност и ефикасност во даночниот систем на државата.



Во изјавата за медиумите по презентацијата, директорката ги истакна главните придобивки од системот – како за бизнис заедницата, така и за државните институции и УЈП. Таа објасни дека е-Фактурата ќе значи административно и финансиско олеснување за компаниите, со целосно отстранување на потребата од печатење, испраќање и чување хартиени фактури.

Дополнително, системот овозможува поголема контрола за сопствениците на компании, бидејќи фактурите ќе се издаваат од овластени лица, ќе бидат дигитално потпишани, а електронските податоци ќе може да се користат за автоматизација на внатрешни процеси – како што се книжење преку QR код, интеграција со сопствени системи, и креирање налози за плаќање.

Овој систем носи и значајни придобивки за државата – овозможува вкрстување на податоци, полесно откривање на ризични трансакции и поефикасна борба со даночната евазија и сивата економија.

„**е-Фактурата ќе има двојна функција** – ќе служи како комерцијален и автоматизиран даночен документ. Секоја фактура ќе се регистрира во реално време во централизиран електронски систем, што овозможува проактивна проценка на даночните обврски, откривање нерегуларности и значително подобрување на квалитетот и точноста на податоците во системот," изјави директорката Петрова.



Министерката за финансии, м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, истакна дека системот ќе ги намали административните трошоци за бизнисите, ќе обезбеди точно пријавување на обврските за ДДВ, и ќе овозможи детекција на сомнителни трансакции во реално време. Тоа ќе придонесе за поефикасна наплата на даноците и намалување на сивата економија.

Премиерот проф. д-р Христијан Мицкоски се заблагодари на директорката, на целиот тим на УЈП и на министерката за финансии што конечно денес после повеќе од 10 години е-Фактурата добива почеток. Нагласи дека со воведувањето на е-Фактурата ќе се спречи формирањето на фирми кои преку фиктивни фактури бараат големи суми пари за поврат на ДДВ, односно суми од по 90, 100, 200 или 300 милиони евра од државниот буџет и од граѓаните. Ако системот функционира правилно, ќе биде многу потешко, па дури и скоро невозможно, да се создадат такви фирми кои добиваат поврат на ДДВ и кои брзо се пренесуваат на нови, фиктивни сопственици.





Проектот е-Фактура ќе започне со **пилот-фаза на 1 јануари 2026 година**, а **задолжителната примена се очекува во третото тримесечје од истата година**. Компаниите ќе имаат на располагање бесплатни апликации, можност за API поврзување со сопствените системи, како и брз, безбеден и стандарден начин за издавање фактури.

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

Целокупниот процес ќе биде транспарентен, со редовни информации, јавни кампањи, обуки и достапни документи – сѐ со цел бизнис заедницата да биде навремено и целосно подготвена за новиот начин на работење.

Оваа реформа се позиционира како **чекор напред кон трајна модернизација, фер пазарна конкуренција и зголемена фискална дисциплина.**